# СОВЕТИ ЗА ПОДОБАР ХРИСТИЈАНСКИ ЖИВОТ





ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА

ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2024

*Сабота, 6 јули 2024*

## 1. Наследници на бесмртноста

**„Та оправдани преку Неговата благодат да станеме наследници според надежта на вечниот живот.“**

„Секоја искрена молитва да примите благодат и сила, ќе биде услишена... Барајте од Бога да го направи за вас она што самите не можете да го направите за себе. Кажете му на Исуса сè. Отворете ги пред Него тајните на своето срце. Неговото око ги испитува и најдлабоките одаи на душата, Тој ги чита вашите мисли како отворена книга. Кога го барате она што ви е неопходно за доброто на вашата душа, верувајте дека ќе примите и ќе добиете. Прифатете ги Неговите дарови со цело свое срце, бидејќи Тој умрел за да можете да ги наследите најголемите богатства на небото. (Ml 16).

Младите не смеат да мислат дека може да продолжат да живеат неодговорен живот, со задоволување на нивните страсти, не подготвувајќи се за Божјето царство, сметајќи дека во времето на неволји сепак ќе бидат во состојба да застанат на страната на вистината. Тие мора искрено да се потрудат во својот живот да го внесат совршенството кое можело да се види во животот на Спасителот, за да можат во деновите на Христовото доаѓање да бидат подготвени да поминат низ вратата и да влезат во Божјиот град. Божјата преобилна љубов, Неговата присутност во срцата ќе им даде сила да се совладаат себеси, да го обликуваат и пренасочат нивниот ум и карактер. Христовата благодат во нивниот живот ќе ги насочи нивните цели, намери и способности во канали кои ќе им дадат морална и духовна сила која не ќе мора да ја оставaт во овој свет, туку ќе ја понесат со себе во идниот живот во текот на бескрајните векови.“ (YI, 12 ноември 1907)

Целото небо е заинтересирано за мажи и жени кои Бог толку ги ценел што го дал и својот возљубен Син да умре заради нивното спасение. Ниедно друго суштество кое е создадено од Бога, не е способно за такво подобрување, усовршување и облагоро-

дување како човекот. Кога човекот отапел под влијанието на своите понижувачки страсти и уживање во пороците, каков призор бил тоа за Бога! Човекот не може да замисли каков може да биде и во што може да се претвори. Со Христовата благодат тој е оспособен за постојано ментално усовршување. Кога светлината на вистината ќе го осветли неговиот ум и кога Божјата љубов ќе се излее во неговото срце, тој може со благодатта што Христос му ја дал умирајќи за него на крстот да стане човек со голема сила, дете на земјата и наследник на бесмртноста (НР 195).

*Сабота, 13 јули 2024*

**2. Непобедлив**

**„Господовиот благослов збогатува и не придодава никаква мака“ (Мудри изреки 10,22).**

Кога во својата неволја Јаков се фатил за Ангелот и кога со солзи во очите воскликнал, небесниот весник, за да ја испроба неговата вера, го потсетил на неговиот грев и се обидел да се извлече од кај него. Меѓутоа, Јаков не дозволил да биде отфрлен. Знаел дека Бог е милостив и затоа се потпрел на Неговата милост. Го потсетил дека веќе се покајал за своите гревови и побарал да биде помилуван. Додека го испитувал својот живот, скоро се предал на очајот, но сепак цврсто се фатил за Ангелот и со искрени и болни восклици ја изнесол својата молба сè додека истата не била услишена.

„Такво ќе биде и искуството на Божјиот народ во неговата последна борба со силите на злото. Тогаш Бог ќе ја испита нивната вера, нивната истрајност и доверба во неговата моќ да ги ослободи. Сатаната ќе настојува да ги заплаши со мислата дека нивната состојба е безнадежна, дека нивниот грев е премногу голем за да може да биде простен. Тие ќе бидат длабоко свесни за својата недостојност и кога ќе си споменат за својот живот, ќе загубат речиси секоја надеж. Но помислата на големината на

Божјето милосрдие и искреноста на нивното покајание ќе ги охрабрат да се повикуваат на ветувањата што им ги упатувал Христос и на безнадежните грешници кога се каеле. Нивната вера нема да попушти затоа што молитвата нема да им биде веднаш услишена. Тие цврсто ќе се држат за Божјата сила, како Јаков цврсто што се држел за ангелот, а нивната душа ќе пека: 'Не те пуштам додека не ме благословиш!' (1. Мојсеева 32,26).

Историјата на Јакова е исто така доказ дека Бог нема да ги отфрли оние што биле измамени и наведени на грев, но со вистинско покајание се вратиле на вистинскиот пат. Со потчинување на сопственото "јас" на Божјата волја и со цврста вера, Јаков го постигнал она што, борејќи се со сопствени сили, не можел да го постигне. Така Бог го научил својот слуга дека само божествената сила и Божјата милост можат да му го дадат оној благослов за кој толку многу жеднеел. Така ќе биде и со оние што ќе живеат во последните денови. Кога од сите страни ќе ги опкружат опасности и кога душата ќе им ја обземе очај, тогаш ќе мора да се потпрат само и единствено врз заслугите на Христовата крв. Со нашата сила ние не можеме да сториме ништо. Во нашата безнадежна недостојност мораме да се потпреме врз заслугите на распнатиот и воскреснатиот Спасител. Не постои човек што ќе пропадне ако постапува вака. (PP 202.203).

*Сабота 20 јули 2024*

## 3. Повеќе од победници

**„Кој ќе нѐ одвои од Христовата љубов? Неволјата ли, или притеснувањето, или гонењето, или гладот, или голотата, или гибелта или мечот? Што е напишано: „Заради Тебе нѐ убиваат постојано, нѐ сметаат како овци за клање." Но во сѐ ова победуваме надмоќно преку Оној, кој нѐ возљуби" (Римјаните 8,35-37).**

Божјите слуги не примаат никаква чест ниту признание од светот. Стефан бил каменуван затоа што го проповедал Христа распнатиот. Павле бил затворан, тепан, каменуван и конечно погубен затоа што бил верен Божји весник пред незнабожците. Апостол Јован бил протеран на островот Патмос „заради Божјата реч и сведоштвото на Исуса Христа“ (Откровение 1,9). Овие примери на човечка цврстина преку силата на божествената крепост претставуваат сведоштво на светот за верноста на Божјите ветувања, за Неговата трајна присутност и благодат која нè одржува (GW 18).

Исус на своите следбеници не им влевал надеж за постигнување земска слава и богатство и живот кој ќе биде ослободен од неволји. Наместо тоа, Тој ги повикува да го следат по патот на самооткажување и понижување. Оној што дошол да го откупи светот, се соочил со соединетите сили на злото...

Во сите времиња сатаната го прогонувал Божјиот народ. Тој ги изложувал на маки и ги убивал, но тие победувале и тогаш кога биле соочени со смрт и умирале. На тој начин сведочеле за силата на Оној кој бил помоќен од сатаната. Злите луѓе можат да го мачат и убиваат телото, но не може да го загрозат животот кој е скриен со Христа во Бога. Тие можат да ги фрлат во темнина луѓето и жените, но не можат да го оковаат нивниот дух.

Преку неволјите и прогонствата, во Неговите избраници се открива Божјата слава и Неговиот карактер. Христовите следбеници, кои светот ги мрази и ги прогонува, се образуваат и дисциплинираат во Христовата школа. На земјата одат по тесниот пат, а се очистуваат во печката на неволјите. Го следат Христа низ мачните судири, трпат самооткажување, минуваат низ искуство на горчливи разочарувања, но на тој начин се запознаваат со вината и бедата на гревот гледајќи со презир на него. Имајќи удел во Христовите страдања тие се во состојба да ја согледаат славата по маките и да речат: „Зашто сметам дека страдањата на сегашното време не се ништо во споредба со славата, која ќе ни се открие нам“ (Римјаните 8,18).

*Сабота 27 јули 2024*

## 4. Тој може

**„Му благодарам на Христа Исуса, нашиот Господ, Кој ми даде сила за тоа, зашто ме сметаше верен и ме постави на служба“ (1. Тимотеј 1,12).**

Апостол Павле гледал во величествената иднина, но не со несигурност или страв, туку со радосна надеж и копнежливо очекување. Додека стоел на маченичкото место, не гледал на мечот на крвникот или на земјата која наскоро ќе ја впие неговата крв, туку гледал нагоре... кон престолот на Семоќниот.

Овој човек на верата гледал од скалите на Јакововото видение, кое го претставувале Христа. Христос ја поврзал земјата со Небото, односно ограничениот човек со неограничениот Бог. Неговата вера зајакнала кога го повикал во сеќавање начинот на кој патријарсите и пророците се потпирале на Оној на кого го положувале својот живот. Од тие свети луѓе кои од поколение до поколение го давале своето сведоштво за верата, Тој го слуша уверувањето дека Бог е вистинит. Неговите другари, апостолите, кои преку проповедањето на евангелието се соочувале со верска заостанатост, незнабожечко суеверие, прогонства и презир, не се срамеле својот живот да го изложат на опасности со цел високо да го воздигнат крстот среде мрачните лавиринти на неверството. Ги слушал како сведочат за Исуса Христа, Божјиот Син и Спасителот на светот. Од справите за мачење, кладите, затворите, јамите и пештерите на земјата до неговите уши допирал триумфалниот восклик на мачениците. Тој ги слуша сведоштвата на непоколебливите души кои, иако биле во немаштија, измачувани од неволји, сепак биле бестрашни и свечено ја потврдувале својата вера со изјавата: „Знам кому му верував!“

„Откупен со Христовата жртва, измиен од гревовите со Неговата крв, облечен во Неговата праведност, Павле бил длабоко осведочен дека неговата душа и драгоцена во очите на Неговиот Откупител. Неговиот живот бил скриен со Христа во Бога и

тој бил сигурен дека, Оној кој ја победил смртта, има моќ да ги одржи оние кои се довериле на неговата грижа“ (АА 511-513).

„Јас сум толку радосна што може да излеземе пред Бога во вера и понизност и да се бориме со Него додека нашата душа не воспостави толку близок однос со Исуса, така што ќе можеме нашите товари да ги ставиме пред Неговите нозе и ќе може да кажеме: ’Заради тоа и го трпам сѐ ова, но не се срамам, зашто знам во Кого сум поверувал и уверен сум дека Тој може да го запази она што Му го доверив, до оној Ден!’“ (ММ 203)

*Сабота, 3 август 2024*

## 5. Како Исус што растел

**„А детето растеше и јакнеше во дух, исполнувајќи се со мудрост, и Божјата благодат беше на Него“ (Лука 2,40).**

Тој, Величеството на небото, Царот на славата, станал детенце во Витлеем, и некое време бил беспомошно чедо доверено на грижата на својата мајка. Во детството зборувал и постапувал како дете, почитувајќи ги своите родители и подготвено извршувајќи ги нивните желби. Но, од самиот почеток на својот интелектуален развој, Тој постојано растел во благодатта и познавањето на вистината.

Родителите и учителите би требало да настојуваат да ги насочат тенденциите на младите така што тие во секој степен од развој во животот ќе зрачат со убавина која е соодветна за таа возраст, развивајќи се природно, како растенија во градината. (ED 107).

„Како дете Исус се одликувал со исклучително привлечна природа. Неговите услужливи раце секогаш биле готови да им послужат на другите. Тој покажувал непоколеблива стрпливост и вистинољубивост која никогаш не би ја жртвувала чесноста. Во начелата цврст како карпа, неговиот живот откривал особина на несебична љубезност.

Исусовата мајка го следела со будно око развојот на неговите сили и во неговиот карактер забележала печат на совршенство. Со радост се трудела да го бодри тој бистар и приемчив ум. Од Светиот Дух примила мудрост за соработка со небесните сили во развојот на ова Дете, кое само Бога можело да го смета за свој татко.

Тој небесните вистини ги научил од нејзините усни и од пророчките книги. Истите зборови што самиот му ги изговорил на Мојсеја за Израел, сега ги усвојувал на скутот на својата мајка... Згора на тоа, пред него била отворена и големата библиотека на делата што ги создал Бог. Тој, кој создал сè, ги проучувал поуките што ги напишала неговата сопствена рака на Земјата, на морето и на небото... Небесните суштества биле негови придружници, а Тој негувал свети мисли и заедница. Од мигот кога станал свесен за околината, Тој постојано растел и духовно се издигнувал во познавањето на вистината.

Секое дете може да стекне знаење како што го стекнал Исус. Додека се обидуваме да се запознаеме со нашиот небесен Отец со помош на неговата Реч, ангелите ќе ни се придружат, нашиот ум ќе го засилат, нашиот карактер ќе го издигнат и облагородат. Повеќе ќе личиме на Спасителот“ (DA 68-70).

*Сабота, 10 август 2024*

## Божествен редослед на растењето

**„Земјата сама од себе донесува плод, најнапред стебло, после клас - потоа клас полн со зрна“ (Марко 4,28).**

„Истиот Оној кој го раскажал овој пример, ја создал и малечката семка, ѝ ги всадил нејзините животодавни особини и ги поставил законите што управуваат со нејзиното растење. Вистините што ги објавува оваа парабола станале жива стварност во неговиот живот. И во својата физичка и во својата духовна природа, Тој го следел божествениот редослед на растењето прикажан со билката, и сака

истото тоа да го прават и сите млади... Во своето детство дејствувал како послушно дете... Но, во секоја етапа од својот развој бил совршен, покажувајќи едноставна прекрасна природна убавина на безгрешен живот“ (COL 82.83).

„Параболата за сејачот покажува дека Бог дејствува во природата... Во семето лежи живот, во земјата постои сила; но, ако паралелно со тоа не би дејствувала дење и ноќе бесконечната божествена сила, семето никогаш не би донело плод... Секое семе расте, секоја билка се развива, единствено со Божјата сила.

’Ртењето на семето претставува почеток на духовниот живот, а развивањето на билката е прекрасна слика на христијанското растење. Она што се случува во природата, се случува и со божествената добрина; нема живот без растење. Билката мора да расте или да пропадне. И како таа што расте тивко и незабележано, но непрекратно, така се развива и христијанскиот живот. Во секоја етапа од развојот нашиот живот може да биде совршен; но, ако се исполни Божјата намера во нас, ние постојано ќе напредуваме. Посветувањето е процес што трае во текот на целиот живот. Како се умножуваат нашите можности, така ќе расте нашето искуство и ќе се зголемува нашето знаење. Ќе стануваме посилни, поспособни да носиме одговорности, а нашата зрелост ќе се сообрази со вредностите што ги уживаме.

Билката расте примајќи го она што го приготвил Бог да го одржи нејзиниот живот. Таа ги пушта своите корења во земјата, ја впива сончевата светлина, росата и дождот, и ги прима животодавните состојки од воздухот. Така и христијанинот треба да расте соработувајќи со божествените сили. Чувствувајќи ја нашата беспомошност, ние треба да ги искористиме сите можности што ни стојат на располагање за да се здобиеме со поцелосно искуство, и како билката што пушта корен во земјата, така и ние мораме длабоко да се вкорениме во Христа. Како билката што ја прима сончевата светлина, росата и дождот, така и ние мораме да го отвориме нашето срце за влијанието на Светиот Дух... Непрестајно потпирајќи се врз Христа како наш Спасител, ние комплетно ќе израснеме во него, кој е наш поглавар“ (COL 63.67).

*Сабота, 17 август 2024*

## Како да растеме

**„Туку растете во благодатта и во познавањето на нашиот Господ и Спасител Исус Христос. Нему слава и сега и во денот на вечноста. Амин!“ (2. Петрово 3,18)**

Предноста на младите е да растат во духовната благодат и познавањето на Исуса Христа. Ние сè повеќе ќе се запознаваме со Исуса ако со длабоко интересирање го проучуваме Писмото и ако појдеме по патиштата на вистината и праведноста кои ни се откриени во Него. Оние кои истрајно растат во благодатта ќе бидат цврсти во верата и постојано ќе напредуваат.

Во срцето на секој млад човек кој одлучил да стане ученик на Исуса Христа треба да се јави желба да го достигне највисокиот христијански идеал, да биде Христов соработник. Ако себеси си постави цел да биде во бројот на оние кои без мана ќе се појават пред Божјиот престол, тој треба постојано да напредува. Единствен начин да остане силен е секојдневно да напредува во духовниот живот. Верата ќе зајакнува секој пат кога ќе се соочи со сомневања и пречки. Вистинското посветување е прогресивно. Ако сакаме да напредуваме во благодатта и познавањето на исуса Христа, треба да ја искористиме секоја предност и можност да стекнеме повеќе знаење за животот и карактерот на Исуса Христа.

Верата во Исуса ќе расте ако подобро се запознаеме со својот Откупител на тој начин што ќе размислуваме за Неговиот безгрешен живот и за Неговата бескрајна љубов. На Бога му нанесуваме најголем срам ако зборуваме дека сме Негови ученици, а во животот се оддалечуваме од Него, без да се храниме или крепиме со неговиот Свет Дух. Кога растеме во благодатта, ние ќе уживаме да присуствуваме на верските состаноци и пред верниците радосно ќе сведочиме за Христовата љубов. Бог со својата благодат може да му даде мудрост на младиот човек а на децата да им даде знаење и искуство. Тие секојдневно мора да растат во благодатта (MYP 122.123).

Сè додека својот поглед го насочуваме кон Зачетникот и Свршителот на нашата вера ќе бидеме сигурни. Но, нашата љубов мора да припаѓа на она што е горе, а не на она што е на земјата. Со вера мора да се воздигнуваме сè повеќе и повеќе во досегнувањето на неговите христијански доблести. Секојдневно размислувајќи за неговата неспоредлива привлечност, ќе растеме се повеќе во Неговото славно обличје. Додека живееме во заедништво со небото, сатаната залудно ќе ги фрла своите мрежи за да нè фати во нив (MYP 111).

*Сабота, 24 август 2024*

**Услови за христијанско растење**

**„И затоа се молам вашата љубов да изобилува сè повеќе и повеќе во сознавањето и во секакво расудување, за да можете да испитувате за она што е подобро: да бидете чисти и беспрекорни за Денот Христов, исполнети со плодовите на правдата, кои се преку Исуса Христа, за слава и пофалба на Бога“ (Филипјаните 1,9-11).**

Каде што има живот има и растење и донесување плодови, но ако не растеме во благодатта, нашата духовност ќе овене, ќе биде болежлива и бесплодна. Единствено со растењето и донесувањето на родови, ние може да ја исполниме намерата која Бог ја има со нас. Христос рекол: „Мојот Татко се прославува со тоа, што ќе давате многу плод и ќе бидете Мои ученици“ (Јован 15,8). За да донесеме многу род, мора на најдобар начин да ги искористиме нашите предности. Ние мора да се послужиме со секоја можност што сме ја добиле за да стекнеме сила.

Непорочен и благороден карактер со сите возвишени можности е подготвен за секое човечко суштество. Меѓутоа, мнозина немаат некоја искрена желба за таков карактер. Тие не се готови да се одвојат од злото за да стекнат добро... Занемару-

вајќи да ги прифатат благословите кои би ги довеле во хармонија со Бога... Затоа не можат да растат.

Еден од божествените планови за растење е делењето. Христијанинот треба да стекнува сила крепејќи ги другите. „Благотворната душа наоѓа поткрепа, а кој ги напојува другите, сам ќе се напои“ (Мудри изреки 11,25). Ова не е само ветување, туку божествен закон според кој Бог прогласува потоците на добродетелство, слично на водите на големиот океан да мора постојано да кружат и постојано да се враќаат кон својот извор. Исполнувањето на овој закон претставува тајна на духовното растење...

Ако излегуваме пред Бога со вера, Тој ќе нè прими и ќе ни даде сила да се качуваме кон совршенството. Ако внимателно ги одмеруваме своите зборови и дела, за да не го осрамотиме Бога кој ни укажал доверба, ако ја искористиме секоја можност која ни се укажува, ќе пораснеме до полната висина на растот на луѓе и жени во Исуса Христа...

Христијани, дали Христос се открива во нас? Дали правиме сè што е во наша моќ да стекнеме тело кое не може лесно да биде ослабено и ум кој гледа надвор од кругот на сопствените интереси, следејќи ги причините и последиците на секоја постапка. Дали е во состојба да се фати во костец со тешките проблеми и да ги совлада, но и поседување волја која е способна да се спротивстави на злото и да го одбрани доброто? Дали сме го распнале своето јас? Дали растеме во онаа мера до растот на висината на жените и мажите во Исуса Христа, подготвени да ги издржиме тешкотиите како добри војници на крстот? (ST, 12 јуни 1901)

*Сабота, 31 август 2024*

**Таинствена сила**

**„Секој кој ќе ги види, ќе препознае дека се семе што Господ го благослови“ (Исаија 61,9).**

Во планот на откупувањето постојат тајни кои човечкиот ум не може да ги сфати и човечката мудрост не може да ги објасни. Меѓутоа, природата може да ни открие многу факти поврзани со тајната на побожноста. Во секоја грмушка, секое дрво кое носи род и во целата вегетација се кријат поуки кои би морале да ги проучуваме. Во растењето на семето може да се прочитаат тајните на Божјето царство. За срцето, кое е омекнато со Божјата благодат, Сонцето, Месечината, Ѕвездите, дрвјата и цвеќињата во полето упатуваат советодавни зборови...

Природата ги слуша законите што Бог ги поставил. Облаците, бурите, светлината на Сонцето, дождовите и росата се наоѓаат под надзор на Бога слушајќи ја Неговата заповед. Во целосна послушност кон Божјиот закон, пченицата се пробива низ земјата, „Најпрвин донесува трева, потоа клас, па тогаш ќе ја исполни пченицата во класот“ (Марко 4,28). Плодот се гледа во пупката а Господ потоа го развива во вистинско време, затоа што не се спротивставува на Неговото влијание...

Зарем е можно човекот кој е создаден според Божјиот лик, надарен со разум и говор, единствен да не ги цени Неговите дарови и не ги слуша Неговите заповеди?...

Бог сака од природата да стекнеме поука за послушноста... Книгата на природата и пишаната Реч се расветлуваат една со друга. Двете ни помагаат подобро да се запознаеме со Бога, откривајќи ни го Неговиот карактер и законите преку кои дејствува (8Т 326-328).

Раскажувајте им на своите деца за чудотворната Божја сила. Додека го проучуваат учебникот на природата, Бог ќе влијае на нивниот ум. Селанецот ја ора земјата и го сее семето но не може ништо да направи тоа да порасне. Тој мора да се потпре на Бога со цел Тој да го направи она што не може да го стори човечката сила. Господ ја ставил својата животна сила во семето и прави сѐза тоа да заживее. Под Негов надзор, семето на животот кршејќи ја земјата, продира низ тврдата кора и излегува од неа да донесе род... И додека децата слушаат за делото кое Бог го чини во семето, тие ја учат тајната на растењето во благодатта. (СТ 124.125)

*Сабота, 7 септември 2024*

## Од детството

**„Оставете ги дечињата да дојдат при Мене; не им бранете; зашто на таквите им припаѓа Божјото Царство!“ (Марко 10,14).**

„Децата кои биле доведени кај Исуса за Него претставувале луѓе и жени кои ќе станат наследници на неговата благодат и поданици на неговото царство... При проучувањето тој секогаш се спуштал на нивно ниво. Тој, кој бил величество на небото, не одбивал со презир да одговори на нивните прашања, ниту да ги упрости своите важни поуки со цел да се приближи на нивната детска моќ на сфаќање. Тој во нивните детски срца всадил семе на вистината кое по многу години ќе донесе род за вечен живот.

И во денешно време децата се најпримечиви за учење на евангелието. Нивното срце е отворено за божественото влијание и доволно силно да ги сочува применените поуки. И малите деца може да бидат христијани и да имаат искуство кое е во согласност со нивните години. Ним им е неопходна поука за духовните прашања а родителите мора да им обезбедат предности својот карактер да го обликуваат според угледот на Христовиот...

Христијанскиот работник може да стане Христово орудие во доведувањето на овие деца кон Спасителот. Со мудрост и тактичност Тој може да ги приврзе за своето срце. Со помош на Неговата благодат може да согледа дека го преобразиле својот карактер, така што со полно право може да каже: ‚Бидејќи на таквите им припаѓа Божјето царство‘“ (DA 512-517).

„Бог сака секое дете во своите најрани години да стане Негово дете и да биде посвоено во Неговото семејство. Иако недораснати, младите можат да станат членови на заедништвото во верата и да стекнат драгоцени искуства... И нивното срце со доверба и љубов може да му се придружи на Исуса и да живее за Спасителот. Христос може да ги направи мали мисионери. Целокупниот тек на нивните мисли може да се промени, така

што гревот повеќе нема да им изгледа привлечен, туку ќе почнат да го избегнуваат и мразат. (СТ 169)

Спасителот копнее да ги спаси младите. Тој се радува да ги види покрај својот престол, облечени во неизвалканата облека на неговата праведност. Тој чека на нивната глава да ја стави круната на животот и да слушне како нивните радосни гласови се соединуваат во честа и славата, во величањето на Бога и јагнето преку победоносната песна која ќе одекнува низ небесните дворови“ (СТ 48).

*Сабота, 14 септември 2024*

**Во домот**

**„Ако Господ не го гради домот, напразно се трудат ѕидарите. Ако Господ не го чува градот, напразно бдее стражарот“ (Пслам 127,1).**

Бог сака семејствата на земјата да бидат симбол на небесните семејства. Христијанските домови воспоставени и водени во согласност со Божјите планови спаѓаат меѓу Неговите најуспешни орудија за обликување на христијанскиот карактер и унапредување на неговото дело (6Т 430).

Важноста и можностите на домашниот живот се прикажани во Исусовиот живот. Тој кој дошол од небото да биде наш пример и Учител поминал триесет години како член на домаќинството во Назарет (МН 349).

Неговата мајка била Негов прв земен Учител. Од нејзините усни и од записите на пророците стекнувал поуки за небесните вистини. Живеел во селски дом, и верно и радосно ја вршел својата должност во носењето на домашните товари. Тој бил Заповедник на небото, ангелите уживале да ги извршуваат Неговите наредби а сега доброволно станал слуга, и нежен и послушен син...

Подготвен на ваков начин, тој тргнал да ја извршува својата мисија, ширејќи ги во секој момент благословеното влијание во дружење со луѓето, откривајќи моќ на преобразување каква што светот никогаш порано не доживеал (8T 222.223).

Вашиот дом нека биде таков што Христос ќе може да престојува во Него како постојан гостин. Луѓето нека стекнат уверување дека сте биле со Исуса и дека сте учеле од Него...

Небесните ангели често го посетуваат домот во кој се почитува Божјата волја. Под дејство на божествената благодат, таквиот дом станува место во кое уморните и обесхрабрени патници наоѓаат освежување. Во него нема место за себичност. Тука се создаваат правилни навики и грижливо се почитуваат правата на другите луѓе. Верата која работи преку љубовта и ја чисти душата, стои зад сидрото, насочувајќи го на тој начин целото домаќинство (FL 254).Вашето христијанство се оценува според начинот на тоа како се однесувате во вашиот дом. Христовата благодат ги оспособува оние што ја примаат и под нејзино влијание нивниот дом го прават среќно место исполнето со мир и спокојство (ML 102).

Светлината на небесната благодат нека го просветли вашиот карактер, и на тој начин сончева светлина ќе може да заблеска и во вашиот дом (ML 102).

*Сабота, 21 септември 2024*

### Важноста на секојдневната молитва

**„Ако некој сака да оди по Мене, нека се одрече од себеси и нека го земе својот крст секој ден, и нека Ме следи!“** (Лука 9,23)

За да развиеме карактер кој Бог може да го прифати мора да изградиме правилни навики во нашиот верски живот. Секојдневната молитва е подеднакво важна за растењето во бла-

годатта и за духовниот живот како што и земската храна ни е потребна за нашето телесно здравје. Да се навикнеме често пати да ги воздигнуваме нашите мисли кон Бога во молитва. Ако мислите ни  талкаат, мора да ги враќаме; ако вложуваме истрајни напори, навиките конечно ќе ни го овозможат тоа. Ниту за миг не смееме да се одвоиме од Христа ако сакаме да бидеме сигурни. Неговата присутност може да нè следи на секој чекор само тогаш  кога ги почитуваме условите што ни ги поставил.

Религијата мора да стане наша голема животна задача. Сè друго треба да биде второстепено и потчинето. Сите способности на нашата душа и нашиот дух мора да бидат вклучени во христијанската војна. Мора да бараме од Христа сила и благодат за да постигнеме победа која е сигурна како што е сигурен и фактот дека Христос умрел за нас (MYP 114.115).

На почетокот на денот, драги млади, немојте да занемарите искрено да се помолите на Исуса и да побарате од Него да ви даде сила и благодат да се спротивставите на искушенијата на непријателот, без оглед во каков облик тие ќе се појават. Ако се молите искрено, со вера и понизност, Господ ќе ја слушне вашата молитва. Но не треба само да се молите, мора да бидете будни и да внимавате!...

Децата и младите можат да дојдат кај Исуса со своите тешкотии и стравувања, уверени дека Тој ќе ги слушне нивните повици и ќе им го даде она што им е неопходно.

Бидете искрени и решителни! Повикајте се на Божјите ветувања и верувајте без никакви сомневања. Не чекајте да почувствувате некое посебно возбудување пред да бидете сигурни дека Господ ве услишил. Немојте да му припишувате на Господа некој посебен начин на кој мора да работи за вас, за да може да го примите она што сте го побарале. Наместо тоа, потпрете се на Неговата реч, а останатото препуштете го во Господовите раце со целосна доверба дека Тој ги слуша вашите молитви и ќе одговори во време и на начин што вашиот небесен Татко го смета за најдобар.. Живејте така како што сте се молеле. Продолжете да одите напред со понизен и трпелив дух! (MYP 122.123).

*Сабота, 28 септември 2024*

## Тајната молитва е неопходна

**„Барајте Го Господа и Неговата сила, барајте го секогаш Неговото лице!“ (1. Дневникот 16,11)**

Додека бил на земјата, Исус своите ученици ги научил како да се молат. Ги упатил своите секојдневни потреби да ги изнесат пред Бога и грижите да ги остават пред Неговите нозе. Ветувањето што им го дал дека нивните молитви ќе бидат услишени се однесува и на нас. (SC 93)

Имајте свое одредено место за тајна молитва. Исус избирал посебно место за разговор со Бога, а и ние треба да правиме така. Нам често ни е потребно да се повлекуваме на некое место, колку и да е тоа скромно, каде ќе можеме да бидеме сами со Бога...

На тајното место за молитва, каде може да нè види само Божјето око и да нè слушне само неговото уво, ние можеме своите најскриени желби и копнежи да ги излееме пред својот Татко кој е полн со неизмерно сожалување, и додека душата чека во мир и спокојство, оној глас што никогаш не пропуштил да одговори на пекањето на оној што го бара, ќе му проговори и на нашето срце....

Ако Христос е секојдневно наш придружник, ќе почувствуваме дека нè опкружува силата на еден невидлив свет; гледајќи во Исус, ние ќе се преобразиме во Неговиот лик. Ние се менуваме со гледање. Карактерот станува нежен, добар и облагороден за небесното царство. Како сигурна последица на нашите разговори и заедница со Господа, ќе настапи растење во побожноста, честитоста и ревноста. Со молитвата сè повеќе и повеќе се развиваме во сфаќањето на небесните работи. Ние примаме божествено воспитување, а тоа се огледува во животот исполнет со трудољубивост и ревност.

Душата која со сесрдна молитва секојдневно му се обраќа на Бога, барајќи помош, поддршка и сила, ќе има благородни стремежи, јасно сфаќање на вистината и должноста, возвишени побуди за работа и постојано ќе биде гладна и жедна за правда. Ако одржуваме тесна врска со Бога, ќе бидеме оспособени на оние со кои се дружиме да им ја пренесуваме светлината, мирот и ведрината кои владеат во нашето срце. Силата што сме ја примиле молејќи се на Бога, соединета со истрајните напори да станеме попромислени и будни во размислувањето, нè подготвува за секојдневните должности и во сите околности го одржува спокојството на духот (МВ 84.85).

Религијата мора да започне со ослободување на срцето од сè што е несвето и нечисто. Таа мора да се одржува со секојдневна молитва (4Т 535).

# ГРАДИВО 3/2024
**Совети за подобра саботна школа**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и
техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**